КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02 - 906/5
27.09.2019 год.
СКОПЈЕ

**КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ**

27.8.2019

Врз основа на член 39 став 4 од Законот за градење Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.70/2013-пречистен текст, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016 , 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/2018, 64/2018), и член 33 став 1 алинеа 3 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Управниот одбор на Комората на 27.8.2019 година донесе

# ОДЛУКА ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВО ВО КОМОРАТА НА 346 ИНЖЕНЕРИ, ПОРАДИ НЕПЛАТЕНА ЧЛЕНАРИНА ПОВЕЌЕ ОД 5 ГОДИНИ

За инженерите во прилог, кои немаат активно членство во Комората повеќе од 5 години (заклучно со 1 август 2014), се донесува одлука за одземање на овластување и престанок на членство во Комората, согласно член 39 став 4 од Законот за градење и член 33 од Статутот на Комората.

Процесот на одземање на овластувањето и престанок на членство е следен: на 29 август 2019 да се објави на веб страната на Комората дека на споменатите 346 инженери кои не подмириле членарина повеќе од 5 години ќе им се одземат овластувањата и ќе се прекине членството во Комората, доколку не ја подмират членарината најдоцна до 13 септември 2019. До инженерите од оваа група, за кои имаме емаил адреса во системот на Комората, да им се прати и емаил со истата опомена. По 13 септември 2019, за оние кои не платиле во утврдениот рок, да се одземат овластувањата и да се процесира престанок на членство, а листата на инженери за кои ќе биде прекинато членството (со број на овластување и без име и презиме) да се објави на веб страната на Комората.

Претседател на Комората

Проф. д-р Миле Димитровски,
дипл.маш.инж

Изработил ДА